# Правилник
# за осигурување на дигитални сертификати

**Важна забелешка**: Пред да побарате дигитален сертификат потребно е да го прочитате документот „Правила на издавачот на сертификати" (во понатамошниот текст: ПИС), кои се наоѓа на веб страницата: **http://ca.kibs.com.mk/repository**. Овој Правилник за осигурување на дигитални сертификати е внесен со референца во ПИС. Процедурите пропишани во ПИС постојано треба да се имаат предвид при извршувањето на работите кои се поврзани со сертификатите. Врз основа на ПИС се контролираат јавните сертификациски услуги кои ги нуди КИБС АД Скопје.

КИБС, користејќи процедури кои се достојни за доверба, настојува да им обезбеди на своите клиенти и деловни партнери доверливост и интегритет со своите јавни сертификациски услуги.

Преку обезбедување на целосен план за осигурување, КИБС им нуди на своите претплатници и засегнати страни дополнително обезбедување за да ги заштити од одредени евентуалности кои се поврзани со употребата на дигиталните сертификати.

**Промени во документот**

Верзија 2.0 е дополнета и корегирана согласно законските промени (11.07.2011).

Верзија 1.0 е прва верзија на документот (01.12.2003).

## 1. Корисници на Правилникот за осигурување на дигитални сертификати

### 1.1 Претплатници

Правилникот за осигурување на дигитални сертификати (во понатамошниот текст: Правилник) се однесува на физички и правни лица иматели на пероснални сертификати (во натамошниот текст: корисници) кои се подолу наведени. Независно од тоа дали регистрацијата е извршена во Регистрациона канцеларија или во Локална регистрациска канцеларија во Република Македонија, корисници се претплатниците кои поднеле барање и добиле валиден дигитален сертификат издаден во согласност со Законот за податоци во електронски облик и електронски потпис во Република Македонија.

### 1.2 Засеганти страни

Овој Правилник се однесува и на страните кои се потпираат на информациите наведени во сертификатите кои ги издал КИБС.

### 1.3 Права на корисниците како трета страна

Овој Правилник нема за цел да создава права на корисникот како трета страна, освен оние страни кои се наведени како корисници во точка 1.1 и во точка 1.2.

### 1.4 Неовластени производи

Овој Правилник се однесува само на страните кои набавуваат производи или користат услуги директно од КИБС или преку неговите овластени Локални регистрациски

канцеларии во Република Макеоднија. КИБС не е одговорен, односно овој Пролитика на осигурување не се однесува на страните кои неовластено користат производи кои можат да го носат името на КИБС.

### 1.5 Затворена корисничка група

Овој Правилник не се применува на корисниците на производи или услуги набавени или на друг начин ставени на располагање за употреба во рамките на затворената корисничка група, што е предмет на посебен договор, освен ако поинаку не е наведено во договорот за затворената корисничка група.

### 1.6 Вработени, соработници и администратори во КИБС

Правилникот се применува на сите вработени, соработници и администратори во КИБС, кои имаат добиено сертификати заради извршување на работи на серифицирање, вклучувајќи ги административните задачи кои се во доменот на нивната работа.

## 2. Обем на покритие

### 2.1 Покритие од материјална одговорност

Правилникот дава гаранција дека главната дејност на КИБС како издавач на сертификати во основа е предмет за обезбедување на покритие од материјална одговорност. Правилникот обезбедува покритие од ризиците кои произлегуваат од употребата на дигиталниот сертификат, наведен во точките 2.2 и 2.3.

### 2.2 Осигурен настан

Осигурен настан според овој Правилник претставува законската одговорност настаната заради грешка или пропуст од небрежност, при совесно и чесно изведување на законските должности  од страна на КИБС во текот на издавањето на дигиталните сертификати. Осигурениот случај претставува иден, непредвидлив, неочекуван и штетен настан,  независен од волјата на КИБС.

### 2.3 Доверливост

Овој Правилник е еднострана изјава на КИБС со која ги уверува корисниците на своите сертификати за доверливоста на своите производи и процедури. Овој Правилник не може да се толкува ниту поинаку, освен онака како што е овде наведено.

## 3. Исклучоци

Како исклучоци и органичувања на одговорноста на КИБС по основ на покритие на материјална одговорност се следните:

### 3.1 Почесни награди

Побарувања поврзани со спорови кои произлегуваат од сертификати издадени како: почесни награди, бесплатни или тест сертификати.

### 3.2 Покритие на материјална одговорност:

Одговорноста која е резултат од определена обврска поинаква од онаа којашто произлегува од Законот за податоци во електронска форма и електронски потпис на Република Македонија преземена од корисник кого го товари статусот на материјална одговорност, како законска одговорност, добивајќи одговорност на трета страна, договорни казни и тн.

### 3.3 Казни

Надоместување кое е настанато од судски, трансакциски, фискални, административни, дисциплински или стопански казни, како и судски трошоци од казнена процедура кога тие лично се на товар на корисникот.

### 3.4 Инсолвентност

Барањата кои се како резултат на инсолвентност на корисникот.

### 3.5 Контрола над корисникот

Барањата наметнати од некое правно лице кое има контрола над корисникот, филијала на корисникот, некое правно лице контролирано од страна на корисникот или неговите филијали.

### 3.6 Колективна одговорност

Доколку некој од корисниците се смета за одговорен за факти кои доведуваат до барање на одговорност што спаѓа во исклучоците кои се погоре наведени, тогаш овој исклучок ќе се прошири исто така и на останатите корисници.

### 3.7 Барање за поништување

Неизвршување или без причина одложување од страна на корисникот да испрати барање за поништување на сертификат издаден од КИБС на начин како што е пропишано.

### 3.8 Грижливост

Изостанувањето на грижата од страна на корисниците при работењето со цел да се спречи компромитирање или губење на приватниот клуч доведува до откажување на овој Правилник. Потребната грижливост мора да се применува постојано при извршувањето на операциите кои се поврзани со сертификатите, вклучувајќи ги контролите за валидност на дигиталниот сертификат пред да се потпре врз нив, почитувајќи ги органичувањата за одговорност и нивото на одговорност и тн.

### 3.9 Материјални обврски кои произглеуваат од ПИС

Непочитувањето на материјалните обврски наведени во ПИС

### 3.10 Мерки на безбедност

Неприменување на соодветни мерки на безбедност од страна на корисниците при валидација и верификација на електронскиот потпис на претплатникот.

## 3.11 Мерки на претпазливост

Резултираат со престанок на било кои права произлезени од Правилникот, за било кој и да било пропуст на корисникот да примени соодветни мерки на претпазливост пред и за време на создавањето, како и понатамошното процесирање на потпишаните пораки наменети за претплатник на сертификат на КИБС со цел за праќање на потпишани, доверливи и тајни податоци.

Претходното се однесува во случаите на:

- неодредување на валидноста на сертификатот,
- невалидирање на синџирот на сертификати за претплатникот на сертификат на КИБС, што резултира со неприменување на овој Правилник.

## 3.12 Незаконски дејства

Незаконски дејства од страна на корисниците било да се претплатници или засегнати страни. Незаконските дејства извршени од лице, вклучувајќи агент – провокатор, кој ги принудува корисниците да извршат дејства кои причинуваат загуби или штети и имаат за резултат неприменување на овој Правилник. КИБС може да бара соодветно надоместување за штетите причинети како резултат на незаконските дејства извршени од страна на корисниците.

## 3.13 Злоупотреба на услугите

Кое и да било лице кое причинува штети или злоупотреба на Интернет, телекомуникациските или други услуги, употребувајќи или репродуцирајќи компјутерски вируси.

Претходното се однесува на лицата кои со напаѓање или на друг начин придонесуваат да направат промена со:

- инверзно инженерство, директно или индиректно,
- техничка имплементација на некоја од услугите на КИБС.

## 3.14 Оправдано нефункционирање на опремата

КИБС ќе оцени дали побарањата за оправданото нефункционирање на инфраструктурата и на опремата на КИБС заслужуваат да се разгледуваат во овој Правилник за осигурување.

Доколку претходното е настанато надвор од контролата на КИБС, кој во суштина ги извршува работите согласно на неговиот делокруг на работење, вклучувајќи ги испадите на електричната енергија или телекомуникациите кои се надвор од контролата на КИБС, не создаваат право за оштета според Правилникот за осигурување.

## 3.15 Нефункционирање на хардверската и софтверската опрема:

Иако КИБС нема одговорност од испадите на хардверската и софтверската опрема изградена надвор од неговата непосредна сфера на влијание, тој настојува да користи хардверска и софтверска опрема од познати продавачи и да ги следи меѓународно познатите стандарди на своите производи и услуги.

## 3.16 Чуствителна опрема

Сертификатите издадени од страна на КИБС, обезбедени преку јавните сертификациски услуги, се издаваат за користење на начин како што е опишан во ПИС

на КИБС. Овој Правилник за осигурување не се применува кога сертификатите се употребуваат со користење на чуствителна опрема вклучувајќи ги, но и не ограничувајќи се на нуклеарните капацитети, авионската навигација односно комуникација, системите за контрола на авионскиот сообраќај, системите за контрола на оружје и во сите случаи кои можат директно да предизвикаат смрт, повреда или штета.

### 3.17 Пред авторизација

Правилникот не се применува на сертификати кои се издадени без претходна авторизација и пред да биде извршено плаќањето, вклучувајќи го одложувањето на плаќањето, без претходно добиена согласност.

### 3.18 Граници

Правилникот не е наменет да создаде права надвор од оние кои се наведени во ПИС.

### 3.19 Потенцијална одговорност

Правилникот не ја покрива потенцијалната одговорност на КИБС за загуба која е причинета со намерни дејства со измама или крајна небрежност.

## 4. Услови на осигурување

### 4.1 Вистинити факти

Овој правилник нема влијание на барањата наведени како исклучоци под точка 3 од овој Правилник, осигурувањето ги опфаќа барањата што ќе бидат потврдени врз основа на вистински факти вклучувајќи ја одговорноста.

### 4.2 Побарувања по други основи:

Овој Правилник не се однесува на побарувањата врз основа на договори или побарувањата за одговорност кои не се поврзани со сертификатите на КИБС.

### 4.3 Сопствена грешка

Одговорноста што е предизвикана делумно или во целост заради грешка на барателот на сертификат, а произлегува од негово прекршување на гаранцијата или обврската наведена во ПИС или во било кој друг Правилник за осигурување на КИБС, ги прави неважечки сите барања за надоместување во рамките на овој Правилник.

## 5. Валидност на осигурувањето

### 5.1 Општо

КИБС нема да прифати барање да изврши надоместување, освен ако корисникот поднесе барање за надоместување така како што е опишано подолу.

### 5.2 Рок

Сите побарувања мора да бидат предочени на КИБС без никакво одложување и во рок од максимум 3 дена од откривањето на штетата.

### 5.3 Период на осигуран износ

Документираното оштетно побарување на осигуран износ мора да биде доставено до КИБС во време на траењето на периодот на осигурувањето. Датумот на истекувањето на важењето на сертификатот мора да биде пред датумот на истекувањето на осигурителниот период.

## 6. Процедура на поднесување на побарувања

### 6.1 Случајни или последични штети

Овој Правилник на КИБС ќе покрие случајни или последични штети настанати заради прекршување на некој од условите наведени во точка 2 од овој Правилник придржувајќи се на границите уредени во точка 7 од истиот.

### 6.2 Процедура

Корисникот мора:

- Да испрати писмено барање користејќи електронски потпишана порака, препорачана пошта или курирска пошта без никакво одложување.
- Да работи заедно со КИБС на востановување на фактите за потврдување на барањето и вклучените страни.
- Да му овозможи увид во целокупната документација со уредна електронска евиденција и аргументирани факти, кои се потребни за утврдување на штетниот настан.
- Да изврши пренесување на КИБС на сите побарувања кои може да ги има кон трети лица, а кои евентуално доведуваат до обештетување од страна на КИБС за плаќањата направени на корисникот, до висината на сумата платена од страна на КИБС.

### 6.3 Реакција на корисникот

Овој Правилник за  осигурување нема да се применува во случај на несоодветна реакцијата на корисникот, што вклучува, но не се ограничува со следново: доцнење во соодветното информирање на КИБС за настанатите штети, отстапување од пропишаната процедура, непренесување на побарувањата кон трети лица виновни за настанување на штетниот настан.

## 7. Ограничување на плаќањата за претплатниците

### 7.1 Лимити на обештетување

Овој Правилник за осигурување на КИБС поставува лимити кои претставуваат максимален износ што КИБС може да го исплати на корисникот, дури и ако штетата го надминува износот утврден од КИБС. Границите се определени според видот на сертификатот, како што е објаснето во табелата подолу:

| Максимална граница на осигурување за претплатниците на дигитален сертификат на КИБС по инцидент изнесува: | |
|---|---|
| Верба К1 | 50.000,00 евра |
| Верба К2 | 50.000,00 евра |
| Верба Про1 | 100.000,00 евра |
| Верба Про2 | 100.000,00 евра |

### 7.2 Распределување на побарувањата

Штетите што го надминуваат нивото на одговорност за даден сертификат ќе бидат распределени прво на најрано поднесените побарувања додека не се постигне конечно решение. КИБС нема обврска да исплати повеќе од максималниот износ на одговорност по сертификат, без оглед на методот на распределба помеѓу побарувачите.

## 8. Ограничувања на плаќањата за засегнатите страни

### 8.1 Максимални ограничувања за засегнатите страни

Правилникот поставува лимит за максималниот износ што КИБС може да го исплати на засегнатата страна, дури и ако штетите ја надминуваат сумата што ја определил КИБС. Без влијание на одредбите од точка 10.1 (за поединечни исплати) КИБС ја одредува границата по трансакција како што е наведено подолу. Оваа граница е определена и ќе биде почитувана без оглед колку пати сертификатот бил погрешно употребен.

| Максимална граница на осигурување за претплатниците на дигитален сертификат на КИБС по инцидент изнесува: | |
|---|---|
| Верба К1 | 50.000,00 евра |
| Верба К2 | 50.000,00 евра |
| Верба Про1 | 100.000,00 евра |
| Верба Про2 | 100.000,00 евра |

## 9. Ограничување на плаќањето за претплатниците и засегнатите страни

### 9.1 Највисока граница на одговорност

Во рамките на дозволеното со закон, највисокото ниво на одговорност уредено во точките 7 и 8 ќе остане непроменето, независно од бројот на електронските потписи, трансакциите или побарувањата кои можат да бидат покриени во врска со употребата на сертификатот.

## 10. Максимални граници

### 10.1 Општо

Осигурителното покритие по штета и во агрегат (годишен кумулатив) се однесува на главницата, трошоците и каматата.

### 10.2 Максимални граници

Максималната граница е максималниот износ што КИБС може да му го надомести на корисникот (претплатник или засегната страна) за прекршување на ограничената гаранција во периодот на важноста на осигурувањето.

Плаќањата кои ги врши КИБС, во крајна линија може да го намалат износот на средствата што се на располагање за идни плаќања.

### 10.3 Исцрпување на средствата на осигурување

Кога севкупниот износ определен од осигурувањето ќе биде исцрпен, КИБС нема повеќе обврска да изврши рефундирање на корисникот. Вкупното ниво на осигурување се соопштува индивидуално по поднесувањето на побарувањето.

## 11. Поединечен прекршок

### 11.1 Поединечен прекршок

Сертификатот на КИБС издаден како резултат на грешка и/или заменување на лицето, се смета како поединечно прекршување без оглед на тоа колку корисници на информации се потпираат на тој сертификат.

### 11.2 Поединечна трансакција

Доколку претплатникот користи повеќе сертификати за иста трансакција, тој може да нагласи, во согласност со соодветната одредба од точка 6.2, кои сертификати обезбедуваат осигурување за таа трансакција.

## 12. Ажурирања и дополнувања

### 12.1 Ажурирање

Правилникот, како и други договори и изјави за политиката поврзана со обезбедување на услугите на КИБС за издавање на сертификати, можат повремено да се ажурираат. Корисникот е одговорен да ги следи промените и да ја добие последната верзија на овој Правилник и други договори и политики кои што се однесуваат на обезбедување на услуги за кои што тој аплицира. Договорите и политиките стануваат валидни веднаш штом ќе бидат публикувани и остануваат важечки низ целиот период додека се наоѓаат во складиштето (веб страницата) за информации на КИБС кои ги уредуваат продуктите и услугите дистрибуирани во тој период.

## 13. Виша сила

### 13.1 Виша сила

Според Правилникот и ПИС во случај на виша сила се поништуваат било какви права што произлегуваат од овој Правилник.

## 14. Конфликт на одредби

### 14.1 Конфликт

Во случај на конфликт помеѓу Правилникот и ПИС, ќе се применува ПИС.

# 15. Одвоивост

## 15.1 Одвоивост

Доколку некоја од одредбите на Правилникот, или примената која произлегува од истата, од било која причина и во било која мерка е невалидна или непредвидлива, останатиот дел од Правилникот (и примената од неважечката или неприменливата одредба за други лица или околности) ќе биде интерпретирана на начин што ќе влијае поволно на намерите на страните.

Одредбите од Правилникот обезбедуваат ограничување на одговорноста, одрекување или ограничување по било какви гаранции или други облигации, или исклучување на штети, ќе се земаат предвид одвоено и независно од било која друга одредба и ќе бидат спроведени како такви.

# 16. Надлежен закон

## 16.1 Надлежен закон

Овој Правилник за осигурување е изготвена согласно правото во Република Македонија. Судовите во Скопје имаат исклучива надлежност за било кој спор поврзан со Правилникот за осигурување.

# 17. Законски права

## 17.1 Законски права

Овој Правилник не влијае на законските права на претплатникот што произлегуваат од домашната регулатива, вклучувајќи ги законите за потрошувачи и законите за заштита на податоците.

Правилникот е авторско право на издавачот на сертификати КИБС.

Ниту еден дел од овој Правилник не смее да се репродуцира, складира или воведе во некој информациски систем, ниту да се пренесе, во било каква форма и на било кој начин (електронски, механички, со фотокопирање, преснимување или со други средства), без претходна писмена дозвола од КИБС АД Скопје.

Заштитениот знак “Верба” е регистрирана трговска марка на КИБС АД Скопје.